# Ристо КАЛЧЕВСКИ

RISTO KALČEVSKI

Ристо **КАЛЧЕВСКИ**

# Ристо **КАЛЧЕВСКИ**

RISTO KALČEVSKI

ЈУНИ/JUNE 1995

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ДАУТ ПАШИН АМАМ

ART GALLERY SKOPJE
DAUT PASHA HAMAM



Д-р БОРИС ПЕТКОВСКИ

# БЕЛЕЗИТЕ НА ТВОРЕШТВОТО НА РИСТО КАЛЧЕВСКИ

Дејствувањето на Ристо Калчевски (1933-1989) во македонската ликовна уметност се одвиваше во децениите особено значајни за нејзиното целосно конституирање. До втората половина на педесеттите години, кога Калчевски ја започна својата кариера, во Македонија веќе беше започнал незапирлив процес на пробивање на различните правци од модерната уметност: таа се одвиваше низ многувидни форми, но најважно беше тоа што постојано изчезнуваа појавите на наметливото надворешно ограничување на слободата на уметничкото творештво. Интензивниот развој на македонскиот ликовен живот во наредните децении, меѓу другото и со основањето на Музејот на современата уметност во Скопје, а потоа и на Факултетот за ликовни уметности, секако не можеше да ги достигне богатството и атрактивноста остварени во некои големи европски средини. Но, македонскиот амбиент - преку својата специфична динамика и со сопствената логика во преференциите спрема нив - се покажа во крајна линија рецептивен за сите нови истражувања, па и за ликовните уметници. А тоа, без оглед на постојните лични авторски дилеми и трауми, на скржавите или никакви институцијални, општествени, општи или приватни поттици, секако го почувствувал и Калчевски. Со видот и карактерот на својот личен творечки придонес тој целосно се беше вградил во пресудните стремежи на македонската ликовна уметност: пред сè во напорот (Калчевски неумоливо го следеше) да се надмине секое провинциско самозадоволство од сопствените професионални достигања.

2.

"Ристо Калчевски се навести во македонската ликовна уметност во еден специфичен момент. Втората генерација повоени македонски ликовни уметници, кои во најголем дел ги завршија своите студии на југословенските академии за ликовна уметност меѓу 1952-1955, веќе ги имаше заодено своите први творечки патеки. Наредната, најмладата генерација, се вклучи во ликовниот живот на Македонија во почетокот на шеесеттите години. Завршувајќи ја Академијата во 1957 година, Калчевски се појави како некаков сликарски осамен јавач во уметничкиот живот на

D-r BORIS PETKOVSKI

# THE FEATURES OF THE CREATIVE WORK OF RISTO KALCEVSKI

*Risto Kalcevski ( 1933 - 1989 ) worked in the field of the Macedonian fine art in the decades of great importance for its entire constitution. Kalcevski started his career in the late half of the fifties which was the time of irrepressible penetration of different trends of modern art which took place through various forms, but the most important issue was the gradual disappearance of the aggressive limitation of creative freedom. The intensive development of the Macedonian fine-art living which included in the following decades, among the other things, the establishment of the Museum of Modern Arts in Skopje, and the Faculty of Fine Arts, certainly was not enough to reach the wealth and the attractiveness of some great European environments. Nevertheless, the Macedonian ambiance ultimately proved to be receptive for all sorts of researches and for artists too, through its own specific dynamism and with its own logic in the preferences. Regardless to the permanent creative dilemmas of his own, his traumatic experiences, the meager or the nonexisting institutional, social, general or individual stimulations, Kalcevski must have felt this atmosphere. He built himself into the crucial tendencies of the Macedonian fine art with the variety and the nature of his creative contribution. First of all, he never stopped trying to overcome any provincial self contentment with our own professional achievements.*

*2.*

*"Risto Kalcevski announced himself to the Macedonian fine art in a very specific time. The second generation of postwar Macedonian artists that had graduated at Yugoslav academies of fine art between 1952 and 1955, already had started to walk its own creative paths. The following one, the youngest generation entered the fine-art living of Macedonia at the beginning of the sixties. Graduating at the Academy in 1957, Kalcevski*

нашето подрачје"1. Меѓутоа, веќе на студиите во Љубљана (во класата на Максим Седеј) Калчевски беше ги изучувал одликите на некои поранешни стилски модели (од ренесансата до фовизмот), за да се доближи до недоискажаниот посткубизам. Во првите "постакадемски" творби на Калчевски ("Мртва природа", "Автопортрет", "Портрет", масла од 1957), формите и плановите на предметите се подвлечени со речиси геометризирани линии. Колоритот е задржан, усогласен во строги односи на чисто разрешени, непастуозно обоени површини: во нив се одбегнати ефектите на светло-сенката и валерските решенија. На ова се надоврзуваат раслоени, одвај евоцирани прикази на фигури чија маса веќе исчезнува во разлеаните колористички петна на заднината.

Потоа следуваше долг, творечки хомоген развој, расчленет низ одделните остварувања на уметникот: тие се варијанти на неговата брзо појавена определба да мисли и да се искажува во своето време соодветно на неговите битни духовни и естетски премиси. Со почетоците на оваа нова стилска ориентација на Калчевски, се совпаѓа и неговото вклучување во Групата "Мугри": тој целосно се усогласи со нејзините стремежи кон модернизација на македонскиот ликовен израз и ги следеше до крај сите нејзини активности (1960-1961). Оттука и навлегувањето на Калчевски во апстрактното сликарство веќе кон крајот на шестата деценија е производ на авторски избор, условен од повеќе компоненти [2]. Една од нив несомнено е внатрешната логика на развојот на ликовната форма кај него: тоа е преобразување од ликовно штогоде "модернизиран" опис на даден мотив во "неформна" визуелна евокација на состојбите на својот менталитет.: Се чини дека Калчевски беше внатрешно спротивставен да ја "загади" својата свест со обврска во ликовното дело да вклучи која и да е идеја, "информација" или тема; таква што би била декларитивно поврзана со нему современ социјален, политички, историски или религиски контекст; токму затоа дури и неговиот интимен човечки статус е сублимиран во непатетични, интериоризирани естетски факти.

*appeared in the artistic life of our country as a painting " lonesome rider ". Yet, even in the time of his studies in Ljubljana ( under professor Maksim Sedej), Kalcevski studied the features of some earlier style models (from Renaissance to Expressionism) and found himself close to unaccountable postcubism.In the first postacademic works of Kalcevski - " Still Life ", " Self-portrait", " Portrait " and his oil paintings done in 1957), the shapes and the surfaces of the objects are underlined with almost geometrical lines. The colors are restrained, adjusted in strict relationships of clearly solved surfaces which are not impasto painted. In these paintings, the dark and light effects are avoided which also goes for the shading solutions. This attitude is supported by divided and hardly evoked apparitions of figures whose mass almost disappears into the running spots of the background.*

*This was followed by a long and homogenous creative development which was broken down through separate works of this artist: that are variants of his early decision to think and to express himself in his time, but adequately to some of his essential spiritual and aesthetic premises. The beginning of this new style orientation of Kalcevski coincide with his joining of the group called " Dawn ". He adjusted himself completely to the tendencies of this group toward modernization of the Macedonian fine-art expression and he followed all of its activities until its end (1960 - 61).That is why Kalcevski's entering into abstract painting at the end of the sixth decade of this century was a result of a painterly choice that depended on several components.[2] One of them undoubtedly is the inner logic of development of his fine-art shape; the metamorphosis of a rather modernized description of a given motif into a "shapeless" visual evocation of the state of his mentality. It seems that Kalcevski was against the "pollution" of his own mind with obligations of including any idea in his work, or "information" or theme: those that would be*

Ваквата ликовна стратегија на Калчевски, се сообрази со енформелот и во една специфична смисла. Така некои други автори (Петлевски, Кондовски, Мазев) ја поттикнаа македонската и странската критика да согледа во нив нефигуративни ликовни констелации и поочливи поттици од нивниот роднокрајски или национален (физички и уметнички) амбиент. За Калчевски, пак, како повеќе да важи едно општо теоретско определување на енформелот: "Енформелот не допушта разграничувања и се простира низ целиот свет, собирајќи само случајно и речиси по инерција, од различните традиции, некоја раслоена наклоност кон (даден, м.з.) знак или боја. Овие спорадични и некозистентни издигнувања на фрагменти од минатото само ја индицираат индиферентноста на новото струење кон проблемот на историјата: минатото, се подразбира, е нешто што се носи зад себе и не може да се измени, значи не прави проблем"[3].

3

Всушност, со белезите на својата творечка логика, Калчевски како непрограмирано да ја прифати спиритуалистичката семантичка аскеза на Кандински, Маљевич, Модријан, без оглед што не се искажа декларативно за нивните филозофски определби. Иако не ги следеше непосредно нивните пластични искази, Калчевски во своето ликовно чинење, целото вклопено во енформелните и постенформелните истражувања, им се доближи на специфичен начин.

Секое дело на Калчевски настануваше како плод на една негова темелна опсесија: во сите свои ликовни состави целосно да го сосредоточи пред сè сето сопствено техничко знаење и мајсторовство, својот визуелен менталитет и рафинман. Сите други одлики (семантички, стилски) на неговите творби што настанувaa во одделни етапи од дејствувањето се условени од овој негов првичен, би рекол: елитистички и ларпурлартистички порив. Со тоа тој се вклучи во една специфична група македонски сликари, која исто така (во своите сосема различни лични ликовни поетики) негуваше таква опсесија: пред сè сликарите Ордан

*declaratively related to his modern, social, political, historical or religious context. Therefore, even his intimate human status is sublimated into internal aesthetic facts that are free of pathos.*

*This fine-art strategy of Kalcevski corresponded to the informal trend also in a very specific way. Some other painters (Petlevski, Kondovski, Mazev), stimulated Macedonian and foreign critics to see in their fine-art constellations which are free of figures, more visible stimuli than their home or national environment (both physical and artistic). Yet, the name of Kalcevski is related to a general theoretic determination of the informal painting: The informal trend does not allow restrictions, it covers the whole world, collecting merely by accident or by inertia some divided inclination toward a given sign or color, coming from various traditions. These sporadic and inconsistent raising of fragments of the past, only indicate the indifference of the new trend to history : the past is certainly something that we pull behind and it cannot be changed, which means that it does not make any problem."[3]*

*In fact, with the features of his creative logic, Kalcevski seems to have accepted without a plan, the spiritual semantic asceticism of Kandinski, Malevich Mondrian, although he never declared himself as a follower of their philosophical determinations. Although he never followed directly their plastic statements too, the fine-art works of Kalcevski which are completely fitted into the informal and postinformal trends, are very close to these painters in a specific way.*

*Every work of Kalcevski was a result of one of his basic obsessions - in all of his fine-art compositions he tends to concentrate all of his knowledge and masterliness, his visual*

Петлевски (чие творештво беше особен поттик за Калчевски), Димитар Кондовски, Душан Перчинков, потоа и Томо Шијак, Драгутин Аврамовски-Гуте. Со своето апстрактно сликарство од почетокот на осмата деценија (со радикалната надворешна сого-леност на нивните перфекционистички ликовни искази), Т. Лу-ловски и Р. Анастасов визуелно-изведбено најмногу му се доближија на неговиот опус создаван по 1970 година.

Сите тие така искажуваат еден сложен еманципаторски стремеж на нашата средина: прво, високата изведбена дотеран-ост на нашите остварувања, сообразена со некои од освоените темелни пластични модели или тенденции на современата умет-ност, требаше да го извлече македонското ликовно творештво од зоната на духовен, естетски и стилски конформизам; второ, ваквите мошне амбициозно и современо обликувани ликовни "производи", потенцијално, ако не на ниво на идеални модели-проекти, тогаш барем како поттик, и тука да започне усогласу-вањето со современата обликувачка култура, беа критички предизвик за сета друга производна или дизајнерска (занаетчиска, индустриска) практика во Македонија. Впрочем, тоа го покажа и самиот Калчевски: при "дизајнирањето" на кни-гите и во графичкиот дизајн, тој го вгради својот темелен обликувачки пристап и својата визуелна култура. А овие вред-ности на проектантско-изведувачката постапка на Калчевски, одделно се видливи во неговите цртежи и графики: тие се или вовед или разработка на неговите истражувања во сликарството.

4

Секако дека сите творби на Калчевски се конституираа во најго-лемо соодветство со поетиките или процедурите на енформел-от. Нив пак, уметникот постојано ги усовршуваше; и постепено (по 1970) ги усогласуваше со варијантите на постенформелната апстракција. Притоа, своето грижливо изведено сликарско ткаење Калчевски го претвораше во особени пластични состој-би. Во нив постепено се намалуваше сугестивноста на фактурал-ната корупка (и на сета организација на просторот на ликовната

*mentality and refinement. All of the other features of his work (concerning semantic and style), are determined by this original impulse which could be also called elite or l' art pour l' art. This element will make him join a very special group of Macedonian painters who cherish the same obsession but within their own fine-art poetics. These painters are: Ordan Petlevski (whose works were very inspiring for Kalcevski), Dimitar Kondovski, Dusan Percinkov, Tomo Siyak, Dragutin Avramovski - Gute.On the other hand, the abstract works of Tanas Lulovski and Rodoljub Anastasov done in the eighties, with the radical outer naked-ness of their perfective fine-art statements, are very close in their visual performances to his 1970 opus.*

*All of them show a complex emancipative tendency of our environment. First, the highly polished performance of our fine-art works that follows some of the accepted models of plasticity or the tendencies of Modern art, tended to deliver the Macedonian fine-art works out of the zone of the spiritual, aesthetic and style conformance. Secondly, these ambitiously and modernly done fine-art "products" were probably not ideal models or projects, but potential critical stimulation for the rest of the productive and designing practise of Macedonia, or maybe they even served as stimuli for initiation of modern shaping culture. Kalcevski himself proved this by designing books and he built in the graphic design the same fundamental attitude toward shaping and visual culture. The values of the designing performance of Kalcevski can be separately seen in his drawings and graphics - they are either an introduction or a work out of his researches in the field of painting.*

*4.*

*There is no doubt that all of the works of Kalcevski are constituted in large correspond-ence with the poetics and procedures of informal painting. Yet, this artists kept improving them and gradually he managed to adjust them with variations of postinformal abstract painting (after 1970). Thus, Kalcevski transformed his carefully performed painterly*

творба), со која дадената апстрактна конфигурација "поречито" се откриваше и за семантичка или психолошка интерпретација на уметниковата личност. Туѓ за нагласени екстровертни искази, Калчевски сепак несомнено беше привлечен од видливата надворешна физичка обвивка на некои појави, материјали, предмети, ткива (растителни и други). И кај него се потврдува ставот (Арганов) дека во своите специфични манифестации енформелното сликарство и скулптурата не се уметност без претстави: тие се уметност која го искажува стравот од уметноста без претстави. Така и Калчевски им остана верен на традиционалните техники, но настојуваше до крај да ги развие нивните способности за да може потоа да ги претстави "апстрактните" слики зародени во неговиот ум. Тој знаеше дека крајот на веристичката претстава, е всушност само крај на сообразувањето на уметничката претстава со класичната концепција за природата, како и следење на оновековната потреба уметноста да се придодаде кон метафизиката. Така низа творби на Калчевски, почнувајќи од грижливо сликаната "Тула и песок" (1962), се своевидни пластични синтетички екстрати или записи на неговата релација со надворешниот и својот, внатрешен (на уметникот) свет. Од нив се подава можна сугестија за некој материјал, простор, емоционална состојба. Колоритот е прво ткаен главно со стемнети нијанси на земјани, окерни и сонорни црвени бои, распределен во безоблични површини. Потоа, во крајот на шестата деценија, врз светлиот екран на основата се изведувани темно обоени парцели (напати заедно со различни колажни додатоци), што стилски беа определни како "апстрактен пејзажизам"[4]. Следуваа светло или бело обоени дела, со вметнати геометриски оформени додатоци, што ги доближи до слики-објекти, порано појавени и во творештвото на Т.Шијак. Оваа "конструктивистичка" епизода на Калчевски се претопи повторно во технички, главно традиционално изведени слики, настанати од почетокот на осмата деценија па сè до смртта на авторот (1989).

Сите дела од овие последни години, беа подложени на еден уште пориторозен технолошки процес: преку него нивниот

*weaving into particular states of plasticity. There was a gradual reduction of the suggestiveness of the technical crust (including the organization of the space) that makes an abstract configuration open itself to a semantic or psychological interpretation of the artist's personality. Kalcevski was a stranger to emphasized extroversive statements, but he was undoubtedly attracted to the visible outer physical layer of some phenomena, materials, objects, tissues (vegetable or others). His works support the attitude of Argan that the specific manifestations of informal painting and sculpture are not art without visions: they are merely art that shows the artist's fear of art without visions .Therefore, Kalcevski too remained faithful to the traditional techniques; yet he persisted in developing their possibilities to the end in order to present "abstract" pictures that had germinated in his brain. He was aware of the fact that the end of the realistic vision was actually just an end of classic concept of nature; and following the ancient need of joining art to metaphysics, a series of works done by Kalcevski, starting with the carefully painted "Brick and Sand" (1962), actually are kinds of plastic synthetic extracts or records of his relation with the outer world and with his own inner world.They indicate possible suggestion to some material, space, emotional state. The coloring is woven initially with dark shades of earthen, ochery and sonorous red, which are distributed into shapeless surfaces; then, at the end of thew sixth decade of this century, over the light screen of the base, dark portions are performed (sometimes by adding of various collages). This style was named "abstract landscape"[4] Afterwards, he created light paintings and paintings of dominating white color, with inserted geometrical supplements that made them similar to the previously done works of Toma Siak. This "constructional" episode of Kalcevski was changed back to*

пластичен строеж се доближи или најмногу се усогласи, со постапките на француското апстрактно ликовно движење Supports / Surfaces (Подолги/ Површини) [5]. Не знам дали тоа се должи на зачестеното престојување/излагање на Калчевски во овој период во Париз: повеќе го сметам како совпаѓање произведено со онаа погоре укажана внатрешна логика на неговиот творечки развој. Калчевски ги моделираше своите слики од последниот период со манифестирање на самиот сликарски чин: тој речиси стана фокална опсесија на уметникот, но никогаш не го спроведе надвор од ригорозната дисциплина што си ја имаше наметнато. Така, во последните сликарски и други дела на Калчевски, целиот нивен простор е освојуван со педантен рафинман во грижливото нијансирање на боите: светли, нежни, пастелни, поставени плоско, во благо збрчкани или наслоени петна и парцели. Во нив Калчевски вовлекуваше разновидни здржани цртачки или колажни интервенции. Сребреникавите, жолтеникави, синикави, портокалести итн. хармонии на неговите платна ослободуваат медитеранска колористичка сензибилност. Вака оформени ликовни амбиенти на Калчевски можат евентуално да ги поттикнат веќе споменатите асоцијации на некои феномени од природата. Сепак, ќе приведам и едно искажување на канадската сликарка А. Мартен, кое може исто така да не доближи до природата на делата и на македонскиот сликар: "Една комплетно апстрактна уметничка работа, слободна од секоја референција од (своето) опкружување, е како музиката и ги предизвикува истите реакции. Ние реагираме на линијата, на тонот и на бојата на ист начин како и на звукот и, како и музиката, апстрактната уметност е тематска. Таа за нас има една смисла која ги надминува зборовите"[6].

5.

Се поставува прашањето за значењето на апстракцијата, па така и на творештвото на Калчевски во уметноста на дваесеттиот век. "Веројатно сме, надвор од разликите на интерпретацијата, се уште многу блиску за да ја согледаме апстракцијата како "движење" од ист карактер како што е импресионизмот или ку-

*paintings of mainly traditional performance. He worked in this manner from the beginning of the eighties until the end of his life (1989). All of the works of his last years were done in a more rigorous technological process. This process made the plasticity of these paintings close or coordinating to the French abstract fine-art movement "Supports and Surfaces".[5] I am not sure if this was due to his often stays and exhibitions in Paris at that time. I am more inclined to consider this as a coincidence which was produced by the inner logic of his creative development that I mentioned above. Kalcevski shaped the paintings of his last period with manifestations of the very painterly act: it becomes almost a focal obsession of the artist, but he never exercises this out of the rigorous discipline which he imposed to himself. So, in the last painterly and other kinds of works of Kalcevski, their entire space is invaded with a pedantic refinement in the careful shading of the colors: light, tender, with a surfaced setting, with mildly wrinkled or layered spots and portions. Kalcevski has drawn in these paintings various restrained sketches and collages. The silverish, yellowish, bluish, orange or other harmonies, set free his Mediterranean coloring sensitivity into his canvases. The fine-art ambiances of Kalcevski which are done in this manner, may eventually stimulate the already mentioned associations of certain natural phenomena. Nevertheless, I would like to quote something that was said by the Canadian painter*

*A. Martin. This may also explain some of the nature of the works done by this Macedonian painter: "A completely abstract work of art, free of any reference with its environment, acts exactly as music and causes equal reactions. We react to the line, to the color shade in the same way as we react to sound. Therefore, abstract art is thematic the way music is. It gives us a sense that surpasses words*

*5.*

*In addition we face the question of the meaning of abstract painting of the 20 -Th. century which includes the creative work of Kalcevski. " Regardless to the differences of interpretation, we are probably very close to accepting abstract painting as a "movement" of the same character as impressionism and cubism. Among the other issues, we can see*

бизмот. Се согледува меѓу другото дека и самата идеја на движење, како што историјата на уметноста го подразбира, останува многу тесно за да се разбере еден таков феномен. Судбината на апстракцијата ја има обележано, ако ништо друго, уметноста на XX век и ништо денес не дава за право да се предвиди нејзиниот просперитет или нејзината иднина, а ништо повеќе и нејзиниот крај"[7]. Ова е подлога да се определи и творештвото на Калчевски во современото македонско сликарство. Тоа можеби е тешко само преку една ваква стеснатa изложба на негови одбрани дела. Но, од сето дејствување на Калчевски и од неговото досегашно критичко и научно вреднување, може да се заклучи дека тој е една од истакнатите личности во нашата ликовна уметност по Втората светска војна. Учествуваше во тоа наше вградување во современата цивилизација, наречена цивилизација на сликата. А ако не непосредно, тогаш сигурно со својот висок професионализам и визуелната култура што ја поседуваше, Калчевски веројатно беше поттик или урнек на повеќе млади уметници: меѓу другото и преку својата долга и мошне успешна педагошка дејност.

*that the very idea of movement, as history of art considers, remains to be too narrow to understand such a phenomenon. The destiny of abstract painting has at least marked the 20 -Th. century art and nothing can give us the right of predicting its prosperity, future or its ending." 7 This statement is a good ground for determination of the works of Kalcevski in modern Macedonian painting. Perhaps it is difficult to be done with an exhibition of his selected works. Yet, the overall work of Kalcevski and the critical and scientific evaluations of his works, may lead us to a conclusion that he is one of the outstanding artists of our fine art after the second world war. He took part in our building within modern civilization, the so-called civilization of painting. Perhaps not directly, but with the highly professional attitude and with the visual culture that he possessed, Kalcevski was a stimulus and a model for many young artists: among other things, through his long and very successful work as an educator.*

---

*1*
*Видите: Борис Петковски, Ристо Калчевски, Откривања, Мисла, Скопје 1971 (текстот е објавен прво во 1968 година во каталогот на изложбата на уметникот во Музејот на современата уметност во Скопје; а потоа, дополнет, и во бр.9-10 на списанието "Културен живот").*

*2*
*За карактерот на преминот на сликарството на Калчевски од ниво на асоцијативни и расплинати фигурални состави - кон првите нефигуративно-енформелни творби; како и за нивниот последователен развој (во седмата деценија) во рамките на една изведбено се покултивирана енформелистичка логика, видите поопстојно во делото наведено под фуснота 1.*

*3*
*Giulio Carlo Argan, Materia, tecnica e storia nell 'Informale, in: Salvezza e caduta nell' arte moderna, Il Saggiatore, Milano 1964.*

---

*1.*
*See: Boris Petkovski, Risto Kalcevski, Discoveries, Misla, Skopje 1971 (the text is published initially in 1968, in the catalogue for the exhibition of this artist in the Museum of Modern Art in Skopje; and afterwards with some additions also in the magazine "Culturen zivot" No. 9-10.*

*2.*
*On the change in the works of Kalcevski from associative and spread compositions of figures to the first informal and free of figures works; other things about the following development (in the seventies) as a part of a more cultivated informal logic of his performance, there are more details in the book marked with footnote 1.*

4

*Во: Борис Петковски, Ристо Калчевски... е укажано дека ова беше позачестена појава во европското апстрактно сликарство, а терминот за неа го изнајде францускиот критичар Мишел Рагон.*

5

*Движењето Supports/Surfaces (главно меѓу 1969-1972/4) опфати повеќе француски уметници: некои меѓу нив застапуваа радикални филозофски, политички и естетски стојалишта (дијалектички материјализам, критика на буржоаскиот систем на користење на уметничките вредности, пледоаје за соголување на сликарството на својата техничко- производна природа). Со природата на својот ликовен идиом, Калчевски најмногу се доближил до некои творби на Viala, L.Kan, M.Bare, P.Buraqo itn. Za ova dvi`ewe vidite: Jean-Lic Chalumeau, Lectures de l'art, Pariz 1981; и:(група автори), Vingt-cinq ans d'art en France, 1960-1985, Larousse Paris 1986. Независно од членовите на ова движење, на сликарството на Калчевски блиски му се и одделни творби на S.Antai i F.Ruan.*

6

*Agnes Martin, Ecrits, Paris, Ecole nationale superieure des Beaux-Arts, 1993.*

7

*Alain Bonfand, L'art abstrait, PUF, Paris 1994*

3.

*Gulio Carlo Argan, Materia, tecnica e storia nell ' Informale, in:*
*Salvezza e caduta nell' arte moderna, Il Saggiatore, Milano 1964.*

4.

*In: Boris Petkovski, Risto Kalcevski...it is pointed out that this was a frequent phenomenon of the European abstract painting, while the term is formulated by the French critic M. Ragon.*

5.

*The Supports and Surfaces movement (mainly between 1965-1972/4) encircled many French artists: some of them with radical philosophical, political and aesthetic views (dialectical materialism, criticism of the bourgeoisie system of utilizing of artistic values, plea for stripping up painting to its technical and productive nature). The nature of his painterly idiom, makes Kalcevski close to the works of Vialat, L.Canh, M. Barre, P. Burillo, etc. About this movement see: Jean - Luc Chalumeau, Lectures de l' art, Paris 1981: and ( by a group of authors), Vingt - cinq ans d' art en France, 1960 - 1985, Larousse Paris 1986. Independently from the members of this movement, some works of S. Hantaï and F. Rouan are close to the creative works of Kalcevski.*

6.

*Agnes Martin, Ecrits, Paris, Ecole nationale superieure des Beaux - Arts, 1993.*

7.

*Alain Bonfand, L' art abstrait, PUF, Paris 1994.*

**СЛИКИ** / PAINTINGS

**ГРАФИКИ** / GRAPHICS

**ЦРТЕЖИ** / DRAWINGS



**Песок и камен,**
1962
масло на платно,
130 x 9o
сопст. Завод - Музеј,
Охрид

**Слика** XIV**,**
1963
масло на платно,
75 x 60
б.с.
сопст. Уметничка галерија



**Слика 6-67,**
1966/67
масло на дрво,
60 x 63
б.с.
сопст. В. Калчевска





**Слика 804,**
1968
масло на платно,
133 x 93
б.с.
сопст. В. Калчевска



**Слика 907,**
1969
масло на дрво,
114 x 80
б.с.
сопст. В. Калчевска

**Слика 12/70,**
1970
комб. тех. дрво,
102 x 124
б.с.
сопст. В. Калчевска





**Слика 1/1972,**
1972
масло на дрво,
51 x 40
сигн. г.л.: Р. Калчевски
сопст. В. Калчевска

**Слика 3/74,**
1974
масло на платно,
100 x 81
б.с.
сопст. В. Калчевска





**Слика 8/75,**
1975
масло на платно,
81 x 65
б.с.
сопст. В. Калчевска



**Слика 15/76,**
1976
масло на платно,
110 x 76
б.с.
сопст. В. Калчевска



**Слика 26-76,**
1976
масло на платно
каширано на дрво,
35 x 32
сигн. д.д.: R. Kalčevski
сопст. В. Калчевска



**Слика 16-76,**
1976
масло на платно,
110 x 86
сигн. и год.
г.д.: R. Kalčevski/76
сопст. В. Калчевска

**Слика 45-78,**
1978
масло на платно,
130 x 114
б.с.
сопст. Уметничка галерија





**Слика 99-80,**
1980
масло на платно,
100 x 81
сигн. д.д.: R. Kalčevski,
1980
сопст. Т. Калчевски

**Слика 105-81,**
1981
масло на платно,
160 x130
сигн. д.д.: R. Kalčevski,
1981
сопст. В. Калчевска



**Слика 46-84,1984**
масло на платно,
160 x 130
сигн. д.д.: R.Kalčevski,
1984
сопст. В.Калчевска







**Слика 92-88,**
1988
масло на платно,
76 x 67
сигн. д.д.: R. Kalčevski,
1988
сопст. В. Калчевска

**Слика 94-88,**
1988
масло на платно,
116 x 92
б.с.
сопст. В. Калчевска



**Слика 87-88,**
1988
масло на платно
каширано на дрво,
46,5 x 43
сигн. д.д.: R. Kalčevski, 88
сопст. В. Калчевска



**Слика 93-88,**
1988
масло на платно,
65 x 54
сигн. д.д.: R. Kalčevski,
1988
сопст. В. Калчевска



**Слика 91-88,**
1988
масло на платно,
58 x 50
сигн. г.д.: Р. Калчевски, 88
сопст. В. Калчевска



**Слика 90-88,**
1988
масло на платно,
66 x 55
б.с.
сопст. В. Калчевска



**Слика 98-89,**
1989
масло на платно,
88 x 71
б.с.
сопст. В. Калчевска

## КАТАЛОГ

### СЛИКИ

1. Слика, 58/59-две фигури/ масло на платно, б.с. сопст. В. Калчевска
2. Песок и камен, 1962 масло на платно, 130x90 сопст. Завод - Музеј, Охрид
3. Композиција, 1962 масло на платно, 60x48,5 сигн. г.д. Р. Калчевски/62 сопств. Уметничка галерија
4. Слика XIV, 1963 масло на платно, 75x60 б.с. сопст. Уметничка галерија
5. Слика 61-64, 1964 масло на платно, 160x130 б. с. сопст. В. Калчевска
6. Слика 77, 1965 масло на платно, 97x81 б.с. сопст. Уметничка галерија
7. Слика 54-65, 1965 масло на платно, 116x89 б.с. сопст. В. Калчевска
8. Слика 6-67, 1966/67 масло на дрво, 60x63 б.с. сопст. В. Калчевска
9. Слика 804, 1968 масло на платно, 133x93 б.с. сопст. В. Калчевска
10. Слика 81-68, 1968 комб. тех. на платно, 160x130 б.с. сопст. Музеј на современата уметност
11. Слика 86-68, 1968 масло на платно, 130x97 б.с. сопст. Музеј на современата уметност
12. Слика 907, 1969 масло на дрво, 114x80 б.с. сопст. В. Калчевска
13. Слика 12/70, 1970 комб. тех. дрво,102x124 б. с. сопст. В. Калчевска
14. Слика 1/1972, 1972 масло на дрво, 51x40 сигн. г.л.: Р. Калчевски сопст. В. Калчевска
15. Слика 2/1972, 1972 масло на дрво, 42x32 б. с. сопст. В. Калчевска
16. Слика 3/74, 1974 масло на платно, 100x81 б. с. сопст. В. Калчевска
17. Слика 8/75, 1975 масло на платно, 81x65 б.с. сопст. В. Калчевска
18. Слика 15/76, 1976 масло на платно, 110x76 б.с. сопст. В. Калчевска
19. Слика 33-76, 1976 масло на дрво, 45x26 б.с. сопст. В. Калчевска
20. Слика 26-76, 1976 масло на платно каширано на дрво, 35x32 сигн. д.д.: R. Kalčevski сопст. В. Калчевска
21. Слика 16-76, 1976 масло на платно, 110x86 сигн. и год. г.д.: Р. Калчевски/76 сопств. В. Калчевска
22. Слика 27-77, 1977 масло на дрво, 38x47 сигн. д.с.: Р. Калчевски/77 сопст. В. Калчевска
23. Слика 50-78, 1978 масло на платно, 130x97 б. с. сопст. В. Калчевска
24. Слика 45-78, 1978 масло на платно, 130x114 б. с. сопст Уметничка галерија
25. Слика 41-78, 1978 масло на дрво, 45x40 сигн. д.д. Р. Калчевски/78 сопст. В. Калчевска
26. Слика 40-78, 1978 масло на дрво, 40x37 сигн. д.д.: Р. Калчевски; 78 сопст. В. Калчевска
27. Слика 99-80, 1980 масло на платно, 100x81 сигн. д.д.: Р. Калчевски, 1980 сопст. Т. Калчевски
28. Слика 89-80, 1980 масло на платно, 89x81 сигн. д.д.: Р. Калчевски, 1980 сопст. В. Калчевска
29. Слика 105-81, 1981 масло на платно, 160x130 сигн. д.д.: Р. Калчевски, 1981 сопст. В.Калчевска
30. Слика 116-81, 1981 масло на платно, 160x130 сигн. д.д.: Р. Калчевски, 1981 сопст. В. Калчевска
31. Слика 12-82, 1982 масло на платно, 202x202 б.с. сопст. В. Калчевска
32. Слика 14-82, 1982 масло на платно, 200x200 б.с. сопст. В. Калчевска
33. Слика 46-84, 1984 масло на платно, 160x130 сигн. д.д.: Р. Калчевски, 1984 сопст. В. Калчевска
34. Слика 89-88, 1988 масло на платно, 70x60 сигн. д.д.: Р. Калчевски сопст. В. Калчевска
35. Слика 90-88, 1988 масло на платно, 66x55 б. с. сопст. В. Калчевска
36. Слика 94-88, 1988 масло на платно, 116x92 б. с. сопст. В. Калчевска
37. Слика 91-88, 1988 масло на платно, 58x50 сигн. г. д.: Р. Калчевски, 88 сопст. В. Калчевска
38. Слика 87-88, 1988 масло на платно каширано на дрво, 46,5x43 сигн. д. д.: Р. Калчевски, 88 сопст. В. Калчевска
39. Слика 93-88, 1988 масло на платно, 65x54 сигн. д.д.: Р. Калчевски, 1988 сопст. В. Калчевска
40. Слика 92-88, 1988 масло на платно, 76x67 сигн. д.д.: Р. Калчевски, 1988 сопст. В. Калчевска
41. Слика 98-89, 1989 масло на платно, 88x71 б. с. сопст. В. Калчевска

### ГРАФИКИ;

1. Графика I, 1972 сито печат, 71x58 сигн. 25/25, Г-021- 72, R. Kalčevski
2. Графика II, 1972 сито печат, 80x61 сигн. 2/25, Г-016-1972, Р. Калчевски
3. Графика III, 1989 сито печат, 90x68 сигн. 1/40-1989, Р. Калчевски
4. Графика IV, 1989 сито печат, 70x50 сигн. V/XX, 1989, Р. Калчевски

### ЦРТЕЖИ

1. Цртеж С-707,987, 1987 туш во боја, 70x50 сигн. д.д. R. Kalčevski, 1987
2. Цртеж С-708-1987, 1987 туш во боја, 70x50 сигн. д.д. Р. Калчесвски, 1987
3. Цртеж С-4/87, 1987 туш во боја, 50,5x35,5 б. с.
4. Цртеж 11-1987 туш во боја, 71x51 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1987
5. Цртеж С-11/1987, 1987 туш во боја, 81x61 сигн. д.д. Р.К.11/1987
6. Цртеж С-830/88, 1988 туш во боја, 90x65 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988
7. Цртеж С-831/88, 1988 туш во боја, 90x65 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988, Прилеп
8. Цртеж С-823/88, 1988 туш во боја, 70x50 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988
9. Цртеж С-822/88, 1988 туш во боја, 70x50 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988
10. Цртеж С-820/ 88 туш во боја, 70x50 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988
11. Цртеж С-818/88, 1988 туш во боја, 70x50 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988
12. Цртеж С-838/88, 1988 туш во боја, 51x41 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988
13. Цртеж С-828/88, 1988 туш во боја, 70x50 сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988
14. Цртеж С-842/88, 1988 туш во боја 60x5o сигн. д.д. Р. Калчевски, 1988
15. Цртеж С-841/88, 1988 туш во боја, 80x75 б. с

Цртежите и графиките се сопственост на семејството Калчевски.

РИСТО КАЛЧЕВСКИ

Роден 29.04 1933 во Прилеп, починал на 07.08 1989 година во Скопје. Училиште за применета уметност завршил во Скопје 1953 година. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Љубљана 1957, во класата на Максим Седеј. Член е на ДЛУМ од 1958 и на групата "Мугри" од 1960 година. Бил професор на факултетот за ликовна уметност во Скопје од 1985-1989 година.

Самостојни изложби

1961
Скопје, Работнички дом, (со Драгутин Аврамовски-Гуте), 17-27.IV
1965
Скопје, Работнички дом (со Томо Шијак), "Човекот некогаш број "IV
1968
Скопје, Изложбен салон на Музејот на современата уметност, ул.Ѓуро Салај 34, 13.XI - 2.XII;
1978
Париз,Galerie kamille Renault (со Богољуб Ивковиќ) 07-30.XI
1981
Љубљана, Mala Galerija 10.X -13.XII
1982
Крањ, Mala Galerija v mestni Ниш, 05-28.III
1983
Скопје, Музеј на Современа уметност, 24.V.1983
Охрид, Дом на културата "Григор Прличев" (Охридско лето)
1988
Скопје, Студио Б
1991
Скопје, Галерија ДЛУМ - Пановски V-VI
Прилеп, Дом на културата "Марко Цепенков" V

Групни изложби

1958 - Прилеп, Изложба на слики и скулптури на уметници родени во Прилеп, Народен музеј, 01-20.V
Скопје, XIII изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, 29.XI-XII;
1959 - Скопје, XIV изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, 29.XI-29.XII;
1960 - Скопје, I исзложба на "Мугри", Уметнички павилјон 10-20.IV
Скопје, IV пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, В:
Охрид, Изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Дом на културата, 04-20.VII
Битола, Изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, Уметничка галерија "Моша Пијаде" 02-15.VII;
Нови Сад, Современа македонска уметност, Градска изложбена галерија, XI;
Прилеп, Изложба на Друштвото на ликовните уметници на Македонија
1961 - Белград, Изложба на групата "Мугри", Уметнички павилјон, 01-10.III;
Скопје, II Изложба на групата "Мугри" Уметнички павилјон, 26.III-06.IV;
Прилеп, Изложба на ДЛУМ посветена на 20 годишнината од Народната револуција, Дом на ЈНА, 10-20.X;
1962 - Риека, II биенале на младите, Moderna Galerija 03.VI-01.IX;
Ниш, Современа македонска ликовна уметност - ДЛУМ, Павиљон на Тврѓави, 09-20.X;
Скопје, XVII изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, 13.XI-01.XII;
Битола, Современа македонска уметност - ДЛУМ;
1963 - Суботица, Изложба на скопските ликовни уметници, 09-20.X;
Струмица, Изложба на ДЛУМ, Работнички универзитет, 11.X;
Белград; Хаџи Бошков, Белогаски, Калчевски и Личеноски, Галерија културног центра;
1964 - Брадфорд, Изложба на скопските уметници-сликарство, скулптура, графика
Museum and Art Gallery 19.II-04.III, (Skopje artist Exhibition - paintings, sculptures, graphic arts)
Лондон, Изложба на скопските уметници-сликарство, скулптура, графика, Tourist centre of Yugoslavia 10.III, (Skopje artists exhibition-paintings, sculptures, graphic art)
